SONY

# Звучен столб

Упатства за употреба

МК




HT-ST7

# Содржина

## Поставување/Поставување

Што има во кутијата — 3
Монтирање — 4
Вметнување на безжичните предаватели — 5
Поврзување — 6
Вклучување на системот — 8

## Основни операции

Слушање аудио — 9
Уживање во звучните ефекти — 10
Слушање аудио од уреди со BLUETOOTH — 12

## Останато

Делови и контроли — 14
Прилагодување на поставките — 17
Решавање проблеми — 19

# Што има во кутијата



Долгнавест звучник (1)



Мрежа (1)



Сабвуфер (1)



Далечински управувач (1)



Батерии R03 (големина AAA) (2)



Дигитален оптички кабел за телевизор (1)



IR blaster* (1)

* Погледнете во упатството на препораки околу тоа како да користите IR blaster.



Држачи (2) и завртки (2)



Безжични предаватели (2)




Упатства за употреба (оваа книга) (1)




Упатство на препораки (1)





Дали сакате да го монтирате долгнавестиот звучник на ѕид? Погледнете ги упатствата во упатството на препораки.

## Ако претпочитате...

### Прикачување на мрежата



- Прикачете или отстранете ја мрежата паралелно на предниот панел.

### Прикачување на страничните држачи



# Вметнување на безжичните предаватели




**Совет**

• Двата безжични предаватели се идентични. Може да користите кој било од нив во долгнавестиот звучник или сабвуферот.

## Поврзување само телевизор



## При поврзување телевизор и други уреди




Користете кабли за HDMI A C (не се доставуваат). Ако телевизорот ја поддржува функцијата ARC, не мора да го поврзувате дигиталниот оптички кабел B.
Погледнете во упатството на препораки за забелешки околу поврзувањата со HDMI.

За излез на повеќеканално дигитално аудио, проверете ги поставките на дигиталниот аудиоизлез на уредот што е поврзан со системот.

# Вклучување на системот




1 Поврзете ги каблите за напојување со наизменична струја (главни водови).
2 Притиснете го копчето I/⏻ на долгнавестиот звучник.
3 Потврдете дали индикаторот I/⏻ на сабвуферот свети зелено. Ако не свети зелено, безжичниот пренос не е вклучен. Погледнете „Решавање проблеми“ (страница 19).

Вметнете ги батериите (доставени).



# Слушање аудио




Избран е влезен уред




Притискајте на копчето INPUT додека влезниот уред не се појави на екранот.

TV → HDMI 1 → HDMI 2 → HDMI 3 → OPT → COAX → ANALOG → BT AU

# Уживање во звучните ефекти




| | | |
|---|---|---|
| SOUND MODE:<br>ви овозможува да уживате во звучните ефекти. | MOVIE | Звучни ефекти погодни за филмови |
| | MUSIC | Звучни ефекти погодни за музика |
| | FOOTBALL (виртуелен фудбалски режим) | Звучни ефекти за уживање во чувството да се биде присутен на фудбалски стадион (додека гледате емитување на фудбалски натпревар)<br>Забелешка: функцијава не поддржува моно-звук. |
| | STD (стандардно) | Звучни ефекти погодни за телевизиски програми |
| VOICE:<br>ги прави дијалозите појасни. | LEVEL 1 – 3 | |
| SW TONE (тон на сабвуфер):<br>го избира тонот на бас. | TONE 1 | Поцврст тон на бас |
| | TONE 2 | Тон на бас што е погоден за различни извори (зададено) |
| | TONE 3 | Подинамичен тон на бас |

# Слушање аудио од уреди со BLUETOOTH

## При регистрација на уреди со BLUETOOTH (спарување)




1 Притиснете го копчето BLUETOOTH PAIRING.
2 Поставете го уредот со BLUETOOTH во режим на спарување и изберете „HT-ST7“. Ако е потребен клуч за пристап, внесете „0000“.
3 Потврдете дека индикаторот BLUETOOTH свети сино.

| | |
|---|---|
| (свети) | Воспоставено е поврзување преку BLUETOOTH |
| (трепка) | За време на или при обид за спарување преку BLUETOOTH |

## При користење поврзување со еден допир (NFC)




1 Преземете ја, инсталирајте ја и активирајте ја апликацијата „NFC Easy Connect“ на паметниот телефон.

2 Допрете го долгнавестиот звучник со паметниот телефон.

3 Потврдете дека индикаторот BLUETOOTH свети сино, покажувајќи дека поврзувањето е воспоставено.

- Компатибилни паметни телефони
  Паметни телефони со вградена функција NFC
  (ОС: Android 2.3.3 или понова верзија, со исклучок на Android 3.x)

# Делови и контроли




1 Копче I/⏻ (вклучено/подготвено)

2 Копче BLUETOOTH PAIRING (страница 12)

3 Копче INPUT (страница 9)

4 Копчиња VOL (јачина на звук) +/–

5 Сензор NFC (страница 13)
Спарува/поврзува уред со NFC кога во близина ќе се открие таков уред.

6 Индикатор MUTING

7 Исклучен екран/индикатор BLUETOOTH
Засветува бело кога системот е вклучен, не се наоѓа во режимот BLUETOOTH, а предниот екран е исклучен.
Засветува сино во режимот BLUETOOTH (страница 12).

8 Екран на предниот панел

9 🅁 (сензор за далечинскиот управувач)




1 Индикатор I/⏻ (вклучено/подготвено) (страница 8)

2 Копче I/⏻ (вклучено/подготвено)

3 Копче SECURE LINK
Ги поврзува одредениот долгнавест звучник и сабвуферот кога постојат повеќе безжични звучни уреди.
За повеќе детали, погледнете во упатството на препораки.




1 I/⏻ (вклучено/подготвено)

2 INPUT (страница 9)

3 MUTING

4 VOL (јачина на звукот) +/–

5 SOUND MODE (страница 10)

6 VOICE (страница 10)

7 DISPLAY
Ја прилагодува осветленоста на екранот:
Вклучено → Темно → Исклучено.
* Кога статусот на екранот се менува од „Исклучен“ во „Вклучен“, на него се појавуваат информациите за аудиоформатот.

8 SW TONE (страница 10)

9 SW VOL (јачина на звукот на сабвуферот) +/–

10 MENU/RETURN/↑/↓/ENTER (страница 17)

# Прилагодување на поставките




Притиснете MENU на далечинскиот управувач, потоа изберете ја саканата поставка користејќи ↑/↓/ENTER/RETURN.

| Мени | | Функција | Зададено |
|---|---|---|---|
| **LEVEL** | DRC<br>(DYNAMIC RANGE CONTROL) | Може да уживате во звукот на Dolby Digital при ниска јачина на звукот. (ON/AUTO/OFF)<br>ON: го компримира звукот во согласност со информацијата за компресија која се содржи во содржината.<br>AUTO: автоматски го компримира звукот шифриран во Dolby TrueHD. | AUTO |
| **AUDIO** | SYNC<br>(AV SYNC) | Може да го прилагодите звукот кога сликата и звукот не се синхронизирани. (1 – 4/OFF) | OFF |
| | DUAL<br>(DUAL MONO) | Може да уживате во многустран емитуван звук на аудио на Dolby Digital. (M/S (главен канал и потканал)/MAIN (главен канал)/SUB (потканал)) | MAIN |
| | S. OPT<br>(SOUND OPTIMIZER) | Го прилагодува звукот за да се репродуцира динамички и појасно, дури и при ниска јачина на звукот. (ON/OFF) | OFF |
| | HEQ<br>(HARMONICS EQUALIZER) | Ги репродуцира ниските звуци што обично се губат при компримирање на аудиото. (ON/OFF)<br>Забелешка: HEQ работи само кога е избрано „BT AU“. Ова не работи со ниеден друг влез, и покрај тоа што ставката е прикажана на предниот панел. | ON |
| | AAV<br>(ADVANCED AUTO VOLUME) | Ги намалува несогласувањата во јачината на звукот помеѓу различните програми или помеѓу програмите и рекламите. (ON/OFF) | OFF |
| **HDMI** | CTRL<br>(CONTROL FOR HDMI) | Ја вклучува или исклучува функцијата „Control for HDMI“. (ON/OFF) | ON |
| | P. THRU<br>(PASS THROUGH) | Го поставува режимот за штедење енергија на функцијата за пропуштање сигнали HDMI. (AUTO/ON)<br>AUTO: емитува сигнали од приклучокот HDMI OUT TV (ARC) на системот во режим на подготвеност кога телевизорот е вклучен. Оваа поставка штеди енергија во режимот на подготвеност во споредба со поставката „ON“.<br>ON: секогаш емитува сигнали од приклучокот HDMI OUT TV (ARC) во режим на подготвеност.<br>Забелешка: Оваа ставка се појавува само кога „CTRL (CONTROL FOR HDMI)“ е поставено на „ON“. | AUTO |
| | ARC<br>(AUDIO RETURN CHANNEL) | Ви овозможува да слушате дигитален звук од телевизор што е компатибилен со технологијата Audio Return Channel (ARC) што е поврзан користејќи HDMI-кабел. (ON/OFF)<br>Забелешка: Оваа ставка се појавува само кога „CTRL (CONTROL FOR HDMI)“ е поставено на „ON“. | ON |




MENU
↑/↓
ENTER
RETURN

| Мени | | Функција | Зададено |
|---|---|---|---|
| SET BT | BT.STBY (BLUETOOTH STANDBY) | Кога системот располага со информација за спарување, тој е во режим на подготвеност за BLUETOOTH дури и кога е исклучен. (ON/OFF)<br>Забелешка: Во текот на режимот на подготвеност за BLUETOOTH, индикаторот BLUETOOTH бавно трепка во сина боја. | OFF |
| | AAC (ADVANCED AUDIO CODING) | Поставува дали системот ќе го користи AAC преку BLUETOOTH. (ON/OFF)<br>Забелешка: Ако ја смените поставката кога системот е поврзан со уред со BLUETOOTH, системот ќе се исклучи од поврзувањето со уредот. | OFF |
| SYSTEM | A. STBY (AUTO STANDBY) | Ја вклучува или исклучува функцијата AUTO POWER OFF. (ON/OFF)<br>Системот се исклучува автоматски кога не се изведува операција одредено време (околу 20 минути) и системот не прима влезен сигнал. | ON |
| | IR REP. (IR REPEATER) | Овозможува системот да го препрати сигналот од далечински управувач на телевизорот. (ON/OFF) | OFF |
| | VER (VERSION) | Ја прикажува тековната верзија на фирмверот. | – |
| WS | SEC. ON/SEC.OFF (SECURE LINK ON/ SECURE LINK OFF) | Кога поврзувањето со Secure Link не е воспоставено, се појавува „SEC. ON“.<br>SEC. ON: ви овозможува да го поврзете одредениот долгнавест звучник и сабвуферот кога постојат повеќе безжични звучни уреди во близина.<br>Кога поврзувањето со Secure Link е воспоставено, се појавува „SEC.OFF“.<br>SEC.OFF: ја исклучува поставката Secure Link. | – |
| | RF CH (RF CHANNEL) | Ви овозможува да ја смените безжичната фреквенција кога звукот од сабвуферот прескокнува. (AUTO/1/2/3) | AUTO |
| | RF CHK (RF CHECK) | Ви овозможува да проверите дали на системот е вклучен безжичен пренос на звук. (OK/NG) | – |

# Решавање проблеми

За повеќе ЧПП, погледнете во упатството на препораки.

**Системот не емитува звук од телевизорот.**
- Проверете дали влезниот извор е правилно избран. Треба да се обидете со други влезни извори со притискање на копчето INPUT неколку пати (страница 9).
- Проверете го поврзувањето на кабелот HDMI, дигиталниот оптички кабел или аудиокабелот што е поврзан на системот и телевизорот (страница 6, 7).
- Проверете го аудиоизлезот на телевизорот.

**Системот не емитува звук од поврзаниот уред со BLUETOOTH.**
- Проверете дали индикаторот BLUETOOTH свети сино (страница 12).
- Проверете дали системот е поставен блиску од уредот со BLUETOOTH или дали има пречки од мрежа Wi-Fi, од друг безжичен уред со 2,4 GHz или од микробранова печка.

**Од сабвуферот не се емитува звук.**
- Проверете дали кабелот напојување со за наизменична струја (главен вод) на сабвуферот е безбедно поврзан (страница 8).
- Проверете дали безжичните предаватели се правилно вметнати (страница 5).
- Ако индикаторот I/⏻ е исклучен:
  - Проверете дали кабелот за напојување со наизменична струја (главен вод) на сабвуферот е безбедно поврзан.
  - Вклучете го сабвуферот со притискање на копчето I/⏻ на сабвуферот.
- Ако индикаторот I/⏻ трепка брзо во зелена боја:
  Прво притиснете го копчето I/⏻ на сабвуферот, потоа правилно вметнете го безжичниот приемник во сабвуферот и повторно притиснете го копчето I/⏻ на сабвуферот.
- Ако индикаторот I/⏻ трепка црвено:
  Притиснете го копчето I/⏻ за да го исклучите сабвуферот и проверете дека ништо не ги блокира отворите за вентилација на сабвуферот.

**Системот автоматски се исклучува.**
- Функцијата A. STBY е поставена (страница 18).

**Далечинскиот управувач на телевизорот не работи.**
- Проблемот може да се реши користејќи IR blaster. Погледнете во упатството на препораки.

*4463413 22* (1)

© 2013 Sony Corporation

4-463-413-**22**(1) (MK)